# ВЕЖБА 7.

## „СТОП ЗА БРЗАТА МОДА“ – КРЕИРАМЕ ПОСТЕРИ ЗА СВЕСНА МОДА

Целта на оваа вежба е да се развие креативното размислување и способноста за создавање социјални пораки, како и да се зголеми свеста за негативното влијание на брзата мода врз животната средина и луѓето.

Дизајнирај постер за свесна мода, но започни ја оваа вежба со кратко резиме на она што го знаеш.

- Што е брза мода?
- Какви последици има?
- Постојат ли алтернативи?

Сега креирај постер кој ќе им се обрати на твоите врсници и ќе ги охрабри да донесуваат информирани модни избори.Постерот може да вклучува слогани, илустрации, статистики, мемиња, стрипови или други креативни елементи.Запомни: слоганот треба да инспирира на акција!

Co-funded by the European Union